# ОД РЕДАКЦИЈАТА

Дваесет и третиот број на списанието *Славистички студии* ја продолжува традиција на чествување на истакнатите членови на Катедрата за славистика при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со посветување том од оваа едиција. Дваесет и третиот том го посветуваме на проф. д-р Красимира Илиевска и на овој начин и оддаваме признание за долгогодишната работа и придонес во развојот на Катедрата.

Проф. д-р Красимира Илиевска, професор и лектор, ментор и промотор, колега и раководител, во текот на речиси три децении поминати на Катедрата за славистика, беше вклучена во наставата по предметите: методика на наставата по руски јазик, морфологија на рускиот јазик, лексикологија на рускиот јазик, стилистика на рускиот јазик и др.

Од нејзината богата биографија може да се забележи дека станува збор за научник со широк сектар интереси. Неа ја интересираат прашања од областа на палеославистиката и медиевистиката, се занимава и со психолингвистика каде што најмногу се фокусира на развојот на детскиот говор, а посебно внимание посветува на одделни прашања од лексикологијата, пред сè на хомонимијата и на полисемијата, како и на етимологијата од аспект на различниот пренос и семантика кај одделни старословенски основи. Таа е особено значајна и со нејзината работа на полето на методиката на наставата по руски јазик и како автор на четири учебника и работни тетратки за основно образование.

Содржината на овој зборник, е разнообразна, исто како и научните интереси на проф. Илиевска. Станува збор за научни трудови што третираат теми, прашања и проблеми од различни области, во рамките на кои и самата проф. Илиевска истражува, твори и дава свој придонес, препознаен и признат не само во македонската славистика, туку и во пошироката научна и културна средина. Прилозите во зборникот се групирани и подредени во три тематски целини. Првата група ја сочинуваа лингвистичките трудови, во втората група текстовите се насочени кон

теми од областа на литературата, културата и преводот, а во третата група се сместени прикази и приопштувања на одделни трудови со цел да бидат достапни и за македонската читателска публика.

Се надеваме дека содржината на овој број ќе предизвика интерес кај научната публика и дека ќе биде полезна за некои идни истражувања во областа на славистиката.

Редакцискиот одбор на меѓународното научно списание *Славистички студии*, како и авторите на прилозите, со учеството во работата на овој број го споделуваат задоволството од соработката, заедничките проекти и колегијалното пријателство со проф. Илиевска, ѝ посакуваат долги години исполнети со добро здравје и изразуваат најискрени желби за натамошна неисцрпна инспирација и енергија за реализација на нови предививици.